УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА - СКОПЈЕ









СТРАТЕШКИ ПЛАН 2018-2023

за развој на
Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје

www.fvm.ukim.edu.mk

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

СТРАТЕШКИ ПЛАН

за развој на
Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје
за периодот 2018 –2023 година

Скопје, 2018 година
Република Македонија

Издавач:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје
Лазар Поп Трајков, 5-7, 1000 Скопје
Р Македонија

За издавачот:

Проф. д-р Лазо Пендовски, Декан на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Комисија за изработка на стратешкиот план за развој на Факултетот:

Проф. д-р Лазо Пендовски
Проф. д-р Игор Улчар
Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу
Проф. д-р Тони Довенски
Проф. д-р Јована Стефановска
Проф. д-р Деан Јанкулоски
Проф. д-р Флорина Поповска – Перчиниќ
Проф. д-р Влатко Илиески
Доц. д-р Ирена Целеска
Доц. д-р Бранко Атанасов

Лектура:
Дијана Ристова

Дизајн, графичко уредување и печатење:

STV Prizma

Тираж:
100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

378.4(497.711):636.09]:37.014”2018/23”

ПЕНДОВСКИ, Лазо
Стратешки план за развој на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за периодот 2018 - 2023 година / автор Лазо Пендовски. - Скопје : Факултет за ветеринарна медицина, 2018. - 46 стр. : илустр. ; 25 см

ISBN 978-9989-774-32-4

а) Факултет за ветеринарна медицина (Скопје) - Стратегија за развој - 2018-2023
COBISS.MK-ID 108088842

СОДРЖИНА:

1. Историски преглед на основањето и работата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје 7

2. Вовед 8

3. Мисија на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје 13

4. Визија на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје 15

5. Основи на стратешкиот план 17

6. Анализа на тековната состојба – приказ на предностите, недостатоците, можностите и опасностите при остварувањето на зацртаните цели 19

6.1 Предности 19

6.2 Недостатоци (слабости) 20

6.3 Можности (подобрување на недостатоци) 21

6.4 Опасности (закани) 23

7. Стратешки цели и насоки на реализација на планот 24

7.1. Унапредување на наставната дејност и континуираната едукација 24

7.2. Унапредување на научно-истражувачката дејност 32

7.3. Унапредување на применувачката (апликативната) дејност 36

7.4. Финансиско работење 41

7.5. Стручно и кадровско работење 43

8. Мерки на контрола на квалитетот 45

9. Заклучок 46

ПРЕДГОВОР

Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот Св.„Кирил и Методиј“ во Скопје го подготви и усвои петгодишниот стратешки план (2018-2023) во кој е преставена визијата за развојот на Факултетот.

Стратешкиот план е дизајниран како работен документ кој вклучува цели и активности преку чија имплентација ќе се овозможи развој и подигнување на репутацијата на Факултетот и негова претпознатливост во семејството на високообразовни ветеринарни установи во Европа и пошироко. Прогресот за постигнување на секоја стратешка цел во планот е дефинирана со мерливи активности и предвиден временски период за нивна реализација.

Со овој петгодишен план се овозможува концепт на иден развој на Факултетот со зголемување на креативните способности и подготвување на студентите за професијата доктор по ветеринарна медицина за што е потребно стручно знаење и способност со научен пристап во работата со градење позиции за иднината. Развојот на дејностите на Факултетот ќе овозможат квалитетна едукација на идните кадри но исто така и постручно и професионало извршување на работите со решавање на голем број практични проблеми поврзани со здравјето на животните и луѓето, безбедноста на храната и ветеринарното јавно здравје, прашањата поврзани со продукцијата, репродукцијата и благосостојбата на животните односно екологијата на средината во која живееме.

Би сакал да се заблагодарам на Комисијата која го подготви стратешкиот план како и на академскиот кадар на Факултетот, посебно членовите на Наставно-научниот совет и студентите кои го усвоија стратешкиот план со што потврдија дека нашиот приоритет е развој и унапредување на Факултетот.

Верувам дека со овој стратешки план ги идентификувавме соодветно целите за следните фази од развојот на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје. Во планот се нагласени клучните области во кои ќе се алоцираат најголем дел од ресурсите, бидејќи се важни за едукацијата, науката и апикацијата како континуирани процеси од кои зависи иднината на нашата институција а истовремно овозможува остварување на нашите аспирации за национално и меѓународно етаблирана и претпознатлива вискообразовна институција која ќе ја промовира и унапредува ветеринарната професија во Р Македонија.

Декан

Проф. д-р Лазо Пендовски



1 ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ОСНОВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – СКОПЈЕ

Основањето на ветеринарниот студиум во Р Македонија започнува во 1991 година, кога Ветеринарниот институт и Земјоделскиот факултет (денес Факултет за земјоделски науки и храна) иницирале активности за отворање на Ветеринарен факултет. Оваа иницијатива за отворање ветеринарен студиум во Р Македонија добила поддршка на двата тогашни државни универзитети во Република Македонија (Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот „Климент Охридски" во Битола) на чиј предлог, Собранието на Републичката заедница за насочено образование на седницата одржана 18.4.1991 година, донело одлука ветеринарните студии да се организираат како ветеринарна насока на Земјоделскиот факултет во Скопје. Насоката по ветеринарна медицина започнала со работа во учебната 1991/1992 година.

Веднаш по запишувањето на првата генерација студенти, во 1992 година започнати се активности за издвојување на ветеринарната насока од Земјоделскиот факултет и отворање на самостоен Ветеринарен факултет. Официјално, Ветеринарниот факултет започнал со работа на 1.1.1994 година, а првата генерација студенти што се запишале на Факултетот е во учебната 1994/1995 година.

Во 2000 година Ветеринарниот факултет се здобива нов назив – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (ФВМ-С), а во 2004 година, со одлука на Владата на Република Македонија, Ветеринарниот институт се припојува кон Факултетот за ветеринарна медицна – Скопје. Со тоа ФВМ-С станува правен наследник на Ветеринарниот институт и ги презема сите негови дејности.

Со донесувањето на Законот за високото образование, од 2008 година Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје престанува да биде самостоен правен субјект, и е организациска внатрешна единица на интегрираниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје заедно со останатите 23 факултети и 5 научни институти и 12 придружни членки.





2 ВОВЕД

Уште од самото свое основање, ФВМ-С тежнее кон развој согласно европските стандарди, по углед на факултетите од државите членки на Европската Унија кои се членки на Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education - EAEVE) која има улога на „акредитациско тело“ кое го контролира и оценува квалитетот на ветеринарните студиски програми во цела Европа. ФВМ-С е членка на EAEVE од 1996 година и ги применува стандардите пропишани за т.н. „регулирани професии“ и директивите 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ.

Првата студиската програма на ФВМ-С е 5,5 години (11 семестри), од кои првите десет семестри се теоретска и практична настава, а XI семестар е за изработка на дипломска работа. Според оваа студиска програма, на ФВМ-С од 1994 година студирале 16 генерации и во учебната 2009/2010 година е заменета со нова студиска програма во која е воведен ЕКТС-системот.

Новата студиска програма на ФВМ-С според ЕКТС е исто така 5,5 години (11 семестри), односно 330 кредити. Предметните програми беа организирани како едносеместрални. Во првите 9 семестри се изведуваше класична факултетска настава (теоретски предавања, лабораториски, клинички и теренски вежби), во X семестар беше теренска практика, додека во XI семестар беше предвидена екстрамурална практика. Освен задолжителните, во X семестар студентите имаа можност за слушаат одредени изборни предмети (вкупно 52 изборни предмети) кои беа во програмата. Во оваа студиска програма беше предвидена јавна одбрана на дипломски труд пред тричлена комисија, а соодносот помеѓу практичната и теориската настава целосно беше усогласен со критериумите на EAEVE, особено во делот на клиничките предмети.

Според првата ЕКТС-студиска програма на ФВМ-С студираа само три генерации (во учебните 2006/2007, 2007/2008 и 2008/2009 година), по што истата беше заменета со постојната студиска програма, во која се вметнати одредени задолжителни компоненти предвидени со Закон за високото образование од 2008 година. Оваа студиска програма е дефинирана како интегрирани студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус, со времетраење 5,5 години (11 семестри), односно 330 ЕКТС-кредити, а започна да се применува од учебната 2009/2010 година. Во меѓувреме, на ФВМ-С започнаа да функционираат и две студиски програми од третиот циклус (докторски студии), и тоа Ветеринарна медицина и Безбедност на храна.



Дејноста на ФВМ-С е утврдена со Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Одлуката на Владата на РМ за националната класификација на дејностите, Законот за ветеринарното здравство, Законот за безбеденоста на храната, Законот за безбедност на храната за животни, Законот за квалитетот на земјоделските производи, Законот за заштита и благосостојба на животните, Законот за сточарство, и други законски и подзаконски акти кои се во согласност со остварувањето на неговата дејност.

Организациската поставеност на Факултетот е определена со Правилникот за внатрешни односи и работење на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје Правилникот за внатрешната организација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје.

ФВМ-С е организиран во внатрешни наставно-научни организациски единици – институти и тоа:

- Ветеринарен институт;
- Институт за храна;
- Институт за репродукција и биомедицина.

За вршење на дејноста на Факултетот, во институтите се организираат катедри, центри, клиники и лаборатории, кои припаѓаат на соодветното научно-истражувачко поле.

Во рамките на **Ветеринарниот институт** се организирани:

а / Катедри

- Катедра за хигиена на животните и заштита на животната средина
- Катедра за микробиологија и имунологија
- Катедра за паразитологија и паразитни заболувања
- Катедра за патолошка морфологија и судска медицина

- Катедра за патофизиологија
- Катедра за внатрешни болести на фармски животни
- Катедра за внатрешни болести на миленици и копитари
- Катедра за визуелни дијагностички методи
- Катедра за ветеринарна хирургија
- Катедра за заразни болести и епидемиологија
- Катедра за биологија и патологија на пчели, риби и ловен дивеч
- Катедра за болести кај птиците

б / Лаборатории

- Лабораторија за хигиена на животните и заштита на животната средина
- Лабораторија за микробиологија
- Лабораторија за патологија и патохистологија
- Лабораторија за патофизиологија
- Лабораторија за паразитологија и паразитни заболувања
- Лабораторија за серологија и молекуларна дијагностика
- Лабораторија за TCE
- Лабораторија за дијагностика на беснило
- Лабораторија за дијагностика на болести кај риби, пчели и ловен дивеч
- Кабинет за визуелна дијагностика

в / Центри

- Центар за зоонози

г / Универзитетска ветеринарна болница

- Клиника за домашни миленици и копитари
- Клиника за фармски животни

д / Приемно одделение

Во рамките на **Институтот за храна** се организирани:

а / Катедри

- Катедра за хемија
- Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство
- Катедра за исхрана на домашните животни

- Катедра за фармакологија и токсикологија
- Катедра за економија и менаџмент
- Катедра за управно ветеринарство

б / Лаборатории

- Лабораторија за аналитичка хемија на храна и храна за животни
- Лабораторија за микробиологија на храна и храна за животни
- Лабораторија за квалитет на сурово млеко
- Лабораторија за резидуи и контаминенти
- Лабораторија за фармакологија и токсикологија

в / Центри

- Центар за несакани дејства и информирање за ветеринарно-медицински препарати
- Центар за едукација за безбедност на храната и ветеринарно јавно здравство

г / Приемно одделение

Во рамките на **Институтот за репродукција и биомедицина** се организирани:

а / Катедри

- Катедра за биохемија и биологија на клетка
- Катедра за функционална морфологија
- Катедра за одгледување на животни
- Катедра за репродукција
- Катедра за биостатистика

б / Лаборатории

- Лабораторија за клиничка биохемија и биологија на клетка
- Лабораторија за анатомија со пластинација
- Лабораторија за хистологија и ембриологија
- Лабораторија за проценка на благосостојба на животни
- Лабораторија за генетски истражувања на животните
- Лабораторија за производство, криоконзервирање и контрола на семе од домашни животни
- Лабораторија за асистирана репродукција

В / Центри

- Центар за вештачко осеменување
- Центар за благосостојба на животните

Стручните, административните, правните, техничките и општите работи ги врши Стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во рамките на Стручната и административна служба е организирано Одделение за финансиски и административни работи кое врши финансиско, сметководствено и материјално работење непосредно поврзано со подготвувањето, изменувањето и реализацијата на буџетот на Факултетот.

Студентската служба е дел од Стручната и административна служба на ФВМ-С, каде се врши спроведување на постапката за запишување на студенти како и за формирање, водење и чување на досиејата на студентите од сите циклуси на студии.

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот. Во рамките на библиотеката е формиран компјутерско-едукативен центар на Факултетот наменет за студентите и има перманентна интернет конекција, како и пристап до едукативни програми.

Работата на Факултетот непосредно ја организира и ја раководи деканот на Факултетот во соработка со три продекани (за настава, за наука и меѓународна соработка и за финансии) и со раководителите на внатрешните организациони единици - институти во рамките на нивните овластувања. Стручен орган на Факултет е Наставно-научниот совет во кој членуваат сите вработени лица избрани во наставно-научни звања како и три студенти претставници на Студентскиот парламент.

3 МИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – СКОПЈЕ

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје остварува наставна, научно-истражувачка и апликативна активност од областа на ветеринарната медицина и на ветеринарното јавно здравство.

Мисијата на ФВМ-С се остварува со организирање едукација, трансфер на знаење, развивање и промоција на нови стручно-научни сознанија во ветеринарното здравство во Република Македонија, развој на креативни способности, подготвување на студентите за професијата доктор по ветеринарна медицина, што, покрај професионалното знаење, бара и научен пристап кон работата, промовирајќи го технолошкиот напредок на ветеринарната професија, со што се градат позиции за иднината.

Мисијата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се остварува преку:

- додипломска настава со која дипломираните студенти добиваат компетиции за звањето доктор по ветеринарна медицина;
- организирање докторски (трет циклус) студии за образование на кадри за стекнување на докторат на ветеринарни науки од областа на ветеринарната медицина и безбедноста на храната;
- организирање континуирано образование со цел усовршување на ветеринарните практичари во сите сегменти на ветеринарната медицина (доживотно учење);
- научно-истражувачка дејност со изработка на истражувачки проекти, докторски теми и трудови од областа на ветеринарната медицина и научно-истражувачка дејност со сродни дисциплини, како и поврзување со други високообразовни, научни и стручни, здравствени и производно-прометни установи;





- издавање на учебници и други учебни помагала, публикации, научни и стручни монографии, меѓународно научно списание и сл.;
- организирање научни и стручни собири, симпозиуми, работилници и сл.;
- применувачка (апликативна) работа која опфаќа лабораториска дијагностика, ветеринарни услуги кон комитенти и ветеринарно јавно здравство, учество во заштитата на животните и нивната благосостојба, во продукцијата и репродукцијата на животните, како и во хигиената и технологијата на производите и продуктите од анимално потекло и тоа преку:
  - решавање на проблематиката на здравствената заштита на животните;
  - вршење лабораториска, клиничка и теренска дијагностика на болестите и учество во сузбивањето на зоонозните заболувања;
  - вршење вештачења и давање експертизи од областа на ветеринарството и на сточарското производство;
  - вршење хемиски, биохемиски, хистолошки и патохистолошки, хематолошки, цитолошки, микробиолошки, серолошки, паразитолошки, токсиколошки, молекуларни, радиохемиски и други анализи на органи, крв, серум и екскрети од животни;
  - оцена на здравствената исправност и на квалитетот на прехранбените продукти и на другите производи од животинско потекло, и давање стручна проценка и мислење за истите;
  - ветеринарно јавно здравство;
  - оцена на исправност на други биолошки супстрати (почва, вода, воздух и сл.), како и давање стручно мислење за истите;
  - истражување на фармацевтски и биолошки супстанции за лечење и сузбивање на болести кај животните;
  - истражување за усовршување на методите за интензификација на процесот на размножување и вештачко осеменување;
  - проучување на неплодноста кај домашните животни и предлагање мерки за нејзино сузбивање;
  - развивање и поттикнување на сите облици на благосостојбата на животните, на ветеринарната етика, како и на хуманиот однос кон животните и животната средина;
- подготвување на наставни и научни кадри и грижа за натамошно нивно усовршување;
- соработка со стопански субјекти, установи и здруженија во земјата, како и со наставно-научните установи во странство, поради унапредување на наставната, научно-истражувачката и апликативната работа.

4 ВИЗИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – СКОПЈЕ

Визијата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е да биде акредитирана високообразовна установа (EAEBE-акредитирана установа) за образование на доктори по ветеринарна медицина (интегрирани студии од прв и втор циклус), за образование на наставни и научни кадри од областа на ветеринарната медицина и на безбедноста на храната, како и национално и меѓународно етаблирана наставно-научна установа со научно-истражувачката и применувачката дејност, континуираното образование, меѓуинституциската и меѓународната соработка.

На подрачјето на **високото образование** ФВМ-С ќе биде јасно препознатлива високообразовна установа со квалитетно образование втемелено на најновите научни и стручни достигнувања од областа на ветеринарната медицина, односно високообразовна институција која овозможува стекнување на практични вештини и знаења со кои идните доктори по ветеринарна медицина ќе се профилираат во стручни и компетентни кадри способни да решаваат ветеринарно-медицински прашања прилагодени на барањата на пазарот.

На подрачјето на **научно-истражувачката дејност** ФВМ-С ќе биде институционален центар за креирање на знаења и трансфер на технологија преку кој системски ќе им овозможи на студентите полесно да ги разберат научните достигнувања и нивната примена во клиничката пракса. Факултетот ќе биде препознатлив по националните и меѓународните научни проекти во полето на ветеринарната медицина раководени од препознатливи лидери, вработени лица избрани во наставно-научни и научни звања, признати во меѓународната научна заедница.

Во својата **применувачка активност**, ФВМ-С ќе биде и понатаму фокусиран на имплементирањето, одржувањето и унапредување на меѓународниот стандард за МКС EN ISO/IEC 17025:2006, развивање на лабораториите, набавка на нова современа опрема, воведување на нови стандардни оперативни постапки за детекција на аналити и обезбедување на високо ниво на веродостојност на резултатите, со цел квалитетот на услугите и задоволството на клиентите да бидат на изразито високо професионално ниво.

На подрачјето на **континуираното образование** ФВМ-С ќе се профилира како носител на програмите за долго и доживотно учење „*Long Live Learning*“ во државата како одраз на динамичноста, флексибилноста, креативноста и компетитивноста на наставно-научниот кадар. Факултетот ќе применува интегриран концепт на доживотното учење за остварување на националните и меѓународни потреби во континуираното образование со цел усовршување на стручњаци во сите сегменти на ветеринарната професија.

Во **финансиското работење** ФВМ-С ќе ги спроведува сите активности за осигурување позитивно финансиско работење и одговорна фискална политика преку финансиско планирање, буџетирање и аналитичко следење на приходите и расходите придржувајќи се на законската легислатива и на меѓународните норми и стандарди за финансово работење.

Во креирањето на **кадровската политика** ФВМ-С ќе се раководи со постојните законските одредби, Стратешкиот план на Универзитетот и меѓународните стандарди за препознавање креативност и ангажирање на најдобрите млади кадри како и на најдобрите млади стручњаци, научници и наставници.

Во **управување со квалитетот и обезбедување на квалитетот**, екстерната евалуација и акредитација на Факултетот односно студиските програми кои се во согласност со Болоњската декларација и Европската асоцијација за ветеринарни установи (EAEVE) се нужно потребни за понатамошен развој на овој концепт.

Во **интернационализацијата, мобилноста и соработката** ФВМ-С ќе искаже академска посветеност во промовирање на соработка со единиците на Универзитетот и другите високообразовни и научно-истражувачки институции во земјата и активно ќе учествува во интернационалната едукација преку размената на знаење, на наставен и соработнички кадар и на студенти со реномирани национално и меѓународно признаени научно-наставни и стручни установи од областа на ветеринарната медицина. Соработката во земјата заедно со меѓународната соработка и интередисциплинарните пристапи и стручни, друштвени и економски поврзувања се од особена важност за Факултетот по ветеринарна медицина во Скопје.

5 ОСНОВИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Основната дејност и насоките на делување на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се едукација на доктори по ветеринарна медицина, формирање на наставен и научен кадар во областа на ветеринарната медицина и безбедноста на храната односно давање на услуги во рамките на стопанскиот сектор, во сузбивањето на болестите на домашните животни кои се пријавуваат според законската легислатива, контрола на безбедноста и квалитетот на храната наменета за исхрана на населението како и храната за животни, унапредување на ветеринарното јавно здравство, како и давањето услуги од областа на благосостојбата, екологијата, производството и репродукцијата на домашните животни.

Целта на ФВМ-С е континуиран развој со унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност, при што, со воспоставување на систем на контрола на квалитетот, ќе се постигне гаранција за подобрување на резултатите на основните дејности на Факултетот. Сите три главни облици на дејноста (наставната, научно-истражувачката и применувачката) да бидат во сообразност со европските норми и стандарди, водејќи сметка за сопствените специфичности кои произлегуваат од потребите на ветеринарната професија во Република Македонија.

За да се постигнат целите, Факултетот сите активности ќе ги насочи кон:

- студентите да добиваат знаења и вештини засновани на научни истражувања и научни докази со комбинирање на различни методи во студирањето, кои ќе ја поттикнат креативноста на студентите;
- наставно-научниот кадар да биде обучен, компетентен, професионален и високомотивиран во извршувањето на наставната, научно-истражувачката и апликативната дејност;
- промовира и развива нови научни методи и технологии при вршење на апликативната дејност во насока на подобрување на ветеринарното јавно здравство, здравствената заштита, продукција, репродукција и благосостојба на животните;
- примена на современи методи за клиничка и теренска дијагностика на болестите и заболувањата кај животните односно примена на современи протоколи за превентива, терапија и хоспитализација и болнички третман на животни;
- насочување на активностите на Факултетот кон националните потреби како и меѓународни стандарди за ветеринарните установи;

Стратешкиот план на ФВМ-С е во согласност со мисијата, со визијата и со целите на институцијата, а развојните можности се во склад со поставените стратешки цели и со важечката законска регулатива.

Стратешкиот план на ФВМ-С се заснова на дефинирање и развој на пет основни подрачја на стратешко планирање:

1. *Наставна дејност*
2. *Научно-истражувачка дејност*
3. *Применувачка (апликативна) дејност*
4. *Финансиско работење*
5. *Управно-стручно и кадровско работење*

Спроведувањето на планираните активности во петте наведени подрачја ќе биде реализирано единствено преку одлуките на раководните, управните и стручните органи на ФВМ-С водени од активностите на вработените изразени преку внатрешните организациски единици на Факултетот.

За секое подрачје е определен временскиот период на реализација (најмногу до пет години), а преку донесување и усвојување на акциски план со преглед на контролни точки ќе се врши континуирана проценка на успешноста на реализацијата на дадените цели.

6 АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА – ПРИКАЗ НА ПРЕДНОСТИТЕ, НЕДОСТАТОЦИТЕ, МОЖНОСТИТЕ И ОПАСНОСТИТЕ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗАЦРТАНИТЕ ЦЕЛИ

Исполнувањето на стратешките цели, веродостојноста на поставките во овој документ, како и веројатноста за нивно исполнување е можно да се проценат единствено преку увид во тековната состојба на развојот на Факултетот и неговата поставеност на национално и меѓународно ниво.

Анализата на тековната состојба при остварувањето на зацртаните цели на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е прикажана преку објективните предности и недостатоци во моментот на донесувањето на стратешкиот план. Можностите и заканите (опасностите) се исто така дефинирани и треба да придонесат за исполнување на целите на мисијата и визијата на ФВМ-С.

СВОТ-анализата или анализата на предностите, слабостите, можностите и заканите (анг. **S**trengths, **W**eaknesses, **O**pportunities and **T**hreats – SWOT) е спроведена од страна на наставно-научниот, научниот, соработничкиот и стручниот кадар во рамките на внатрешните единици на Факултетот. Истакнати се најважните предности и недостатоци на ФВМ-С во окружувањето на академската заедница на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како и можностите и опасностите за реализирање на дејноста и развојот на Факултетот.

Оваа анализа ги вклучува заклучоците на последниот Самоевалуациски извештај на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје од 2017 година.

6.1 Предности

- добра соработка помеѓу внатрешните организациски единици на Факултетот во организирањето на наставата, науката и апликацијата;
- мал број на студенти кои се распоредени по групи со што се обезбедува непосредна соработка и контакт професор-студент;
- Факултетот има соодветни услови за изведување на теоретска и лабораториска настава, обука за теренска практика како и добра соработка со фарми, приватни ветеринарни друштва, кланици и погони за преработка на храна;
- Факултетот има добри референци за лабораториската и научно-истражувачката дејност кои гарантираат високо ниво на квалитет за изведување на настава, наука со трансфер на знаење како и лабораториска пракса;

- Факултетот располага со компетентен наставен и соработнички кадар обучуван во реномирани европски и светски истражувачки центри, кој зазема водечка позиција во Република Македонија во своите научни и стручни области, и има национална, регионална и меѓународна препознатливост;
- наставниот кадар е максимално ангажиран во процесот на образување на студентите и во голема мера им помага за време на нивното студирање;
- Факултетот има квалитетни докторски студии и соодветни услови за научно-истражувачка работа за постдипломците;
- наставниот план се ажурира редовно во циклуси од најмалку четири години, и ги вклучува потребите и насоките зададени од студентите произлезени од соодветна претходна анализа како и стандардите на меѓународните ветеринарни едукации, во рамките на законските можности;
- Факултетот располага со библиотека со читална опремена со соодветна литература;
- Факултетот има добра покриеност од безжична интернет-мрежа до која имаат пристап и студентите;
- Факултетот има изграден углед и репутација, како наследник на Ветеринарниот институт со деведесетгодишна традиција во ветеринарната наука, едукација и апликација;
- во одделни сегменти на наставната, на научно-истражувачката и на применувачката дејност остварена е континуирана квалитетна соработка со научници и наставници од сродни установи во државата и во Европа;
- буџетот во голема мера е базиран на приходи остварени од самоиницијативни активности на Факултетот;
- Факултетот располага со сопствено земјиште со можност за отворање на тренинг едукативно-истражувачки центар и/или клиники за фармски животни и коњи.

6.2 Недостатоци (слабости)

- недоволен интерес за упис и студирање на ФВМ-С, односно упис на нови студенти со релативно слаб просечен успех од средно образование;
- несоодветни методи за следење и евалуација на примарните (”day one competencies“) компетенции на студентите;
- во наставата нема вклучени студии на случај (case analysis);
- несоодветно применето самостојното учење (self-directed learning);

- нема обезбеден пристап на студентите до материјалите за учење по истекот на работното време (on-line пристап до материјали);
- непостоење на клиника со стационари за коњи, за преживни животни, за свињи како и клиники за птици, за егзотични животни и сл., кои ќе овозможат клинички ротации на студентите;
- несоодветни услови за изолација на заразени животни (за сите видови животни) во клиниката;
- несоодветен евиденционен систем за клиничка следливост на примените пациенти во клиниката за мали животни;
- несоодветна и недоволна клиничка практика за копитари;
- практичната настава по анатомија не опфаќа секција на сите животински видови вклучувајќи задолжителна секција на коњ и преживно животно;
- несоодветна практична настава по патологија со несоодветна обдукциска сала која не овозможува да се изведе обдукција на големи животни (коњ и говедо), а притоа да бидат запазени основните мерки на хигиенско-техничка заштита;
- недоволни мерки на хигиенско-техничка заштита за студентите и вработените;
- несоодветен пристап до научни бази за трудови (на пр. Scopus, Web of science и сл.);
- неоформени постдипломски-специјалистички студии односно едукација соодветна на европските развиени центри (резиденцијални програми);
- недоволен број на апликации односно добиени научни национални и меѓународни проекти;
- недоволна искористеност на постоечката опрема за научно-истражувачки цели;
- отсуство на стратегија и план за вработување на најдобрите студенти кои го завршуваат Факултетот;
- ограничени просторни капацитети за наставна, апликативна и клиничка дејност на Факултетот;
- недостаток на финансиска автономија за реализација на развојна компонента на Факултетот;

6.3 Можности (подобрување на недостатоци)

- зголемување на соработката и тимската работа помеѓу вработените од различни внатрешни единици на Факултетот во наставата, истражувачката и стручната работа со цел создавање единствена институциска рамка;

- воведување на промотивни ПР-кампањи за студирање на ФВМ-С со цел привлекување и зголемување на бројот на кандидати за упис и да се овозможи селекција на поквалитетни апликанти со повисок просечен успех добиен од средно образование;
- подобрување на соодносот на бројот на часови на практична настава наспроти теоретската настава за студентите;
- воведување на нови методи за следење и евалуација на примарните ("day one competencies") компетенции на студентите како и вклучување на студии на случај (case analysis) во наставата;
- самостојното учење да биде поттикнато и надгледувано од предметен професор со интензивирана активност од студентите;
- имплементација на платформата iKnow за учење преку која студентите ќе имаат пристап до наставните материјали по истекот на работното време (перманентен пристап до материјали) и олеснета административна постапка за полагање испити;
- постоечката клиника за мали животни да се конципира како засебна организациона единица во рамките на Факултетот во чиј склоп би функционирало клиничко одделение за птици и клиничко одделение за егзотични животни;
- клиничката практика за домашни миленици да се подобри со воведување на 24-часовно дежурство во клиниката за домашни миленици и зголемување на бројот на пациенти;
- потребно е да биде воспоставен соодветен електронски систем за клиничка следливост на примените пациенти во клиниката за домашни миленици и создавање на оптимални услови за изолација на животни со заразни болести во клиниката;
- практичната настава по анатомија да ги опфати сите животински видови вклучувајќи задолжителна секција на коњ и преживно животно;
- обдукциската сала да биде прилагодена да овозможи работа за сите животински видови;
- обемот на настава за миленици и копитари да се зголеми, вклучително и со обезбедување на сопствени животни за настава или мобилна амбулаторна клиника;
- мерките на хигиенско-техничка заштита за студентите и вработените целосно да се подобрат;
- овозможување на соодветен пристап до релевантните научни бази на списанија;

- воведување на специјалистичка едукација и/или заеднички студии т.н. Joint degree;
- формирање на тимови за заедничка апликација во научно-истражувачките проекти и зголемување на бројот на апликации;
- вмрежување и промоција во програмите за мобилност со цел поинтензивно користење на меѓународните програми за размена на студенти и на наставнички и соработнички кадар;
- подобрување на односите и соработка со јавни ветеринарни служби и јавни институции и здруженија во областа на здравствената заштита на животните и безбедноста на храната и остварување на соработка преку јавно партнерство со домашни стопански субјекти и партнерство со јавниот и приватниот сектор;
- усвојување на план за вработување на најдобрите студенти кои ги завршуваат студиите на ФВМ-С;
- отворање на тренинг едукативно-истражувачки центар со клиники за фармски животни и коњи и погони за производи на храна од животинско потекло во „Петровец".

6.4 Опасности (закани)

- нема соодветна автономија, за да биде можно планирање на инфраструктурниот, организацискиот и наставниот развој ФВМ-С;
- нерешени имотно-правни односи за земјиштето и објектите на Факултетот;
- недоволно државното финансирање за соодветен развој на образовниот и научно-истражувачкиот и апликативниот процес;
- финансирањето на развојот на образовниот процес зависи исклучиво од непредвидливите приходи од услугите кои ги врши Факултетот за стопанството и за државата;
- несоодветна автономија во планирањето на факултетскиот буџет;
- недоволен број на академски кадар и отсуство на помошен кадар, неопходен за изведувањето на наставата, науката и апликацијата;
- отсуство на вработување на нов кадар кој треба да биде вклучен во изведувањето на наставата, науката и апликацијата;
- одлив на студенти надвор од државата и на други сродни факултети.

7 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И НАСОКИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

Досегашните стратешки активности и планирања на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се дефинирани на ниво на Деканатската управа, Наставно-научниот совет како и на стручните совети на внатрешните организациски единици – институти односно на ниво на поедини лаборатории, катедри и центри.

Планирањето во стратешкиот план опфаќа анализа на тековната состојба, реална проценка на можноста за спроведување на активности, како и препознавање и планирање на целите, односно на начините на реализација на зацртаните цели.

Петте основни подрачја на стратешко планирање се одредени на ниво на Факултетот како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

7.1. Унапредување на наставната дејност и континуираната едукација

На Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, се одвиваат интегрирани студии од прв и втор циклус на кој се образуваат идните доктори по ветеринарна медицина. Исто така се изведуваат докторски студии од трет циклус по ветеринарна медицина и докторски студии по безбедност на храна.


Во досегашната пракса, стекнати се значајни искуства во имплементацијата на ЕКТС-системот и притоа се увидоа предностите, но и недостатоците кои постојат во наставната програма од додипломски и постдипломски студии.

Факултетот треба да го дизајнира наставниот план и програма на начин кој ќе ги задоволи општите услови на т.н. „регулирани професии" и ќе биде целосно усогласен со директивите 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ, со стандардите на ЕАЕВЕ, со Законот за високото образование и другите правни акти на УКИМ, односно да ги отсликува барањата потребни за стекнување на компетенции кај студентите кои треба да ги имаат по нивното дипломирање. Новиот наставен план и програма треба кај сите студенти да обезбеди широки познавања во биомедицината и клиничките науки, а со тоа ќе овозможи признавање на високообразовната квалификација на меѓународен план.

Стратешка цел 1. **Развој и унапредување на квалитетот на постоечката студиска програма - интегрирани студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус, согласно EAEVE-стандардите и нејзино усогласување со потребите на пазарот и меѓународните стандарди, со можност за нејзина меѓународна EAEVE-евалуација.**

Активности:

- воведување процедури за евиденција и евалуација на активното учество на студентите во практичната настава односно во клиничката и теренската практика. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- воведување процедури за евиденција и евалуација на самостојното учење „*self-directed learnig*“ под надзор на наставен кадар. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- воведување процедури за следење и евалуација на примарните (”day one competencies“) компетенции на студентите. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- анализа на успехот и на знаењето на студентите, која ќе се спроведува по завршувањето на секој семестар, во рамките на процесот на самоевалуација. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- ревизија на наставниот план и програма, после завршувањето на секоја академска година со можност за осовременување на старите и имплементација на нови предмети (редовни и изборни) со подобрување на наставните методи, вовед на најнова литература, усогласување на содржината со современи сознанија засновани на научен доказ како и насочувања на теоретските предавања од основните (*core*) предмети кон настава со семинари и практични симулации. Носители на задачата се Комисијата за изработка и следење на наставен план, Деканатската управа, ННС и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- зголемување на практичната настава и воспоставување на сооднос со теоретската настава во согласност со EAEVE-стандардите, но и со домашната легислатива. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- имплементирање и промовирање на употребата на платформата iKnow за учење, со што на студентите ќе им се овозможи ”онлајн“ пристап до материјалите за учење вон работното време и вон компјутерската училница. Носител на задачата е Деканатскта управа, а координатори се продеканот за настава и факултетскиот советник за ИТ-технологии.



- периодична евалуација на студиската програма од домашни и странски оценувачи на национално ниво. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава и координаторот за ЕАЕВЕ.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 2. Подобрување на квалитетот на докторските студии

Активности:

- ревизија на наставниот план и програма на докторските студии по ветеринарна медицина и по безбедност на храна, после завршувањето на циклус од секои три години. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- анализа на успешноста на кандидатите запишани на докторски студии на ФВМ-С земајќи ја предвид должината на студирање и просечен број на одбранети докторати по академска година. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- зголемување и обновување на капацитетот на ФВМ-С за ментори на докторските студии и донесување на план за зголемување на бројот на докторанди по студиска програма. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- поддршка во насока за зголемување на бројот на објавени трудови во списанија со „фактор на влијание" од докторандите и наставно-научниот кадар. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: четири академски години.





Стратешка цел 3. **Зголемување и осовременување на капацитетите за изведување на настава**

Активности:

- зголемување на бројот на предавални и вежбални за потребите на ФВМ-С како и создавање на услови за изградба на еден репрезентативен амфитеатар. Носители на задачата се Деканатската управа, Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- формирање и опремување на нова сала за обдукција со модерно опремена лабораторија за хистологија односно патохистологија. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- создавање на модели и препарати за практична настава по анатомија и патологија со можност за формирање на музеи. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за настава.
- опремување на мултифункционална вежбална за изведување на лабораториска дијагностика (микробиологија, имунологија, заразни болести, паразитски болести, болести на риби, пчели и ловен дивеч, болести на живина и др.). Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- опремување вежбална за хигиена и технологија на храна. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.
- воведување 24-часовно дежурство на Клиниката за домашни миленици и копитари, во кое задолжително ќе бидат вклучени студентите. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатори се продеканот за настава и раководителот на клиниката.
- обезбедување на услови за чување и одгледување на сопствени животни за клиничка настава. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.



- обезбедување на услови и капацитети за зголемена практична настава на големи и мали преживни животни, свињи и коњи. Носители на задачата се Деканатската управа и Комисијата за самоевалуација, а координатор е продеканот за настава.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 4. Воведување на постдипломски - специјалистички студии

Активности:

- изработка на план за отпочнување на постапка за формирање на специјалистички студиски програми од различни области на ветеринарната медицина согласно потребите на ветеринарниот естаблишмент во Република Македонија. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- организирање на модел на интердисциплинирани специјализирани студии кои би се изведувале на македонски и англиски јазик со цел студиите да се достапни и за колегите од регионот. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 5. Унапредување на континуираното образование и развој на програми за доживотно учење

Активности:

- развивање на активностите на Центарот за кариера, во смисла на создавање и одржување контакти со стопанскиот и невладиниот сектор, за подобрување на континуираното образование. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е Центарот за кариера со продеканот за настава.



- Продлабочување на соработката со Ветеринарната комора на Македонија, во смисла на заедничко конципирање и можности за организирање на работилници и курсеви за континуирано образование на ветеринарните практичари. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е Центарот за кариера со продеканот за настава.
- Воведување на интегриран концепт на доживотното учење со цел остварување на националните и меѓународни потреби во континуираното образование преку иницирање на програмите за доживотното учење, спроведување на анкетни прашалници кои ќе ги отсликуваат потребите на докторите по ветеринарна медицина во Македонија и прилагодувања на едукацијата кон тие потреби и постојано работење на иновативен пристап и трансфер на знаењата. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е Центарот за кариера со продеканот за настава.

Предвиден временски период за реализација на целта: три академски години.

Стратешка цел 6. Зголемување на дидактичките вештини за наставните активности на наставно-научниот кадар

Активности:

- Промовирање на концептот „учење во насока кон студентите“ што претставува основа за квалитетна настава. Факултетот ќе спроведува мерки за обука на наставно-научниот кадар и тоа:
  - промоција на трансфер на знаењето преку концептот „обука за обучувачи“
  - развивање на структурирана програма за професори во посета „визитинг“-професори
  - учество на професорите и соработниците во програмите за мобилност
  - учество во едукативни истражувања како и научна основа за иновации во наставата

  Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за настава и продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.



Стратешка цел 7. Унапредување на меѓународната размена на студенти и на наставно-научен, научен и соработнички кадар

Активности:

- интензивирање на билатералната соработка со ветеринарни факултети врз основа на потпишаните договори на ниво на универзитет и факултетот. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- изработка на план за зголемување на бројот на визитинг-професори. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за наука и меѓународна соработка и продеканот за настава.
- зголемување на бројот на наставно-научен и научен кадар од престижни универзитети и центри за лабораториска дијагностика кои ќе овозможат тренинг на нашиот персонал. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: четири академски години.

Стратешка цел 8. Привлекување на нови студенти

Активности:

- Изработка на стратешки план за ПР на Факултетот со цел негова отвореност кон општеството. Носители на задачата се Деканатската управа и Центарот за кариера, а координатор е продеканот за настава.
- воведување активности за промоција на Факултетот со цел привлекување кандидати за запишување во прва година, со што би се овозможила селекција на поквалитетни апликанти. Носители на задачата се Деканатската управа и Центарот за кариера, а координатор е продеканот за настава.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.



Стратешка цел 9. **Воведување на наставен план на додипломски студии на англиски јазик**

Активности:

- донесување на одлука на ниво на Наставно-научен совет за воведување на наставен план на англиски јазик и формирање на Комисија за изработка на наставен план. Носители на активностите се Деканатската управа, ННС и Комисијата за изработка на наставен план на додипломски студии на англиски јазик, а координатор е продеканот за настава.
- воведување на курсеви по англиски јазик за наставниот кадар на Факултетот со посебен акцент на ветеринарната медицина. Носители на активностите се Деканатската управа, ННС и Комисијата за изработка на наставен план на додипломски студии на англиски јазик, а координатор е продеканот за настава.
- организирање на посети од професори на ФВМ-С на други факултети од неанглиско говорно подрачје кои имаат воведено наставен план на англиски јазик. Носители на активностите се Деканатската управа, ННС и Комисијата за изработка на наставен план на додипломски студии на англиски јазик, а координатор е продеканот за настава.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

7.2. Унапредување на научно-истражувачката дејност

Научно-истражувачката дејност е основа за следење на прогресот на ФВМ-С преку која се одредува рејтингот во рамките на државата и пошироко на меѓународен план. Научните истражувања, во високообразовните институции се исто така мерило за референтноста на професорите и истражувачите.

Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје ги одредува приоритетите на научно-истражувачка дејност која се заснова на истражувачката активност во период од пет години.

Целта на ФВМ-С е да ја задржи позицијата на лидер во научно-истражувачката дејност во областа на ветеринарната медицина во Македонија со цел подобро позиционирање на пазарот на трудот и на меѓународната заедница. Истражувањата на ФВМ-С не се само основа за наука, туку исто така со нив се третираат важни прашања, како што е здравјето на животните, превентивата во ветеринарната медицина, ветеринарното јавно здравство, безбедноста на храна, како и научната основа за благосостојбата на животните и нејзината импликација во сточарството, заштита на животните и етиката.

За таа цел ФВМ-С ги дефинира приоритетните истражувачки области:

1. *Биомедицински (базични) истражувања*
2. *Истражувања во биотехнологијата и благосостојбата на животните*
3. *Истражувања во областа на ветеринарното јавно здравство и безбедност на храна*
4. *Истражувања во областа на здравствената заштита на животните*
5. *Клинички истражувања*

Стратешка цел 1. **Формирање на Оддел за меѓународна соработка со план за активности поврзани со научно-истражувачката работа на Факултетот**

Активности:

- отпочнување на постапка за формирање на Оддел за меѓународна соработка. Носители на задачата се Деканатската управа и ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- изготвување на акционен план во рамките на Одделот за насоките за спроведување на идните научно-истражувачки активности на ФВМ-С со јасно дефинирање на целите кои треба да се постигнат. Носители на задачата се Деканатската управа и ННС, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.


Стратешка цел 2. Развој и унапредување на научно-истражувачката работа

Активности:

- обезбедување на пристап до електронската база на Scopus-Elsevier или друга соодветна со цел да се овозможи пристап до научно-истражувачка литература. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- проширување на бројот на потпишани билатерални договори со ветеринарни факултети и други научни институции од Европа и пошироко, со цел да се зголеми соработката на научно поле. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- поврзување на научните потенцијали на Факултетот со стопанството. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- инклузија на студентите во научно-истражувачки актвности на ФВМ-С со цел да учествуваат во различни фази на научните проекти, што понатаму ќе овозможи нивна активна партиципација на студентски научни и стручни конгреси. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка и продеканот за настава.
- промовирање на меѓународната видливост на нашиот научен профил и обезбедување на зголемено ниво на консултативни и кооперативни активности во насока на подобар пристап до фондовите за истражување пред сè на меѓународната сцена. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.





Стратешка цел 3. **Дефинирање на развојно-истражувачки теми согласно истражувачките капацитети и специфики на научниот кадар**

Активности:

- одредување на најважните теми од интерес за ФВМ-С за апликација на национални и меѓународни проекти. Носители на задачата се Деканатската управа и Одделот за меѓународна соработка, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- применливост на сите научни методи кои се користат на Факултетот за научно-истражувачка работа заедно со опремата која ќе може да се користи за научни цели. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.

Предвиден временски период за реализација на целта: четири академски години.

Стратешка цел 4. **Составување истражувачки тимови и нивна подготовка/обука за апликација на научно-истражувачки проекти**

Активности:

- посета на работилници/семинари/курсеви за создавање проект-лидери и припрема за истражувачки тимови за проекти на национален и меѓународен план. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е продеканот за наука и меѓународна соработка.
- стимулирање и поттикнување на научно-истражувачката активност преку воведување на интерен конкурс за кофинансирање на внатрешни проекти со цел компетитивност на идеи. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за наука и меѓународна соработка и продеканот за финансии.

Предвиден временски период за реализација на целта: четири академски години.

Стратешка цел 5. Подобрување и унапредување на издавачката дејност

Активности:

- развивање, унапредување и афирмирње на „Македонски ветеринарен преглед“ со цел добивање на „Impact Factor“ и прифаќање на трудовите од PubMed. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за наука и меѓународна соработка и Уредувачкиот одбор на списанието.

- развивање, унапредување и промоција на учебници, учебни помагала, прирачници, практикуми, водичи за вежби и сл. со цел создавање на стручна литература достапна за студентите и формирање на модул на далечинско e-learning. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за наука и меѓународна соработка и продеканот за настава.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.





7.3. Унапредување на применувачката (апликативната) дејност

Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, во рамките на своите лаборатории извршува применувачка (апликативна) дејност која во минатиот период достигна завидно ниво со забележителни резултати преку непосредна секојдневна комуникација со стопанските субјекти, но и со соодветните јавни претпријатија и државни институции.


Применувачка дејност се изведува во лаборатории кои се акредитирани по меѓународниот стандард EN ISO/IEC 17025:2006 и во следниот период ќе биде една од приоритетите на Факултетот.

Стратешка цел 1. **Унапредување на применувачката (апликативната) дејност на Факултетот**

Активности:

- континуирано одржување на тековните и акредитација на нови методи по EN ISO/IEC 17025:2006 и проширување на опсегот на апликативната работа. Носители на задачата се Деканатската управа и раководителите на институти, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.
- изнаоѓање на дополнителни ресурси (материјални, финансиски и човечки) за проширување и унапредување на апликативната дејност на Факултетот воспоставувајќи соработка со приватниот сектор, со МЗШВ, МОН, АХВ, проекти за соработка со индустријата и поврзување со компаниите заинтересирани за ветеринарни услуги. Носители на задачата се Деканатската управа и раководителите на институти, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.
- проширување на листата на комитенти и потпишување на договори за извршување на апликативни услуги. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се раководителите на институти.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.





Стратешка цел 2. **Имплементирање на третата верзија на меѓународниот стандард EN ISO/IEC 17025:2017 за „Општите барања за компетентност на лабораториите за тестирање и лабораториите за калибрирање“.**

Активности:

- обука на персоналот кој ќе биде вклучен во имплементација на третата верзија на меѓународниот стандард EN ISO/IEC 17025:2017. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.
- набавка на софтвер за контрола на системските документи и записи согласно барањата на стандардот. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.
- формирање на тело за контрола за квалитет, со високостручен и професионален кадар, кој ќе работи на изготвување на системска документација согласно барањата на третата верзија на стандардот EN ISO/IEC 17025:2017. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.

Предвиден временски период за реализација на целта: три академски години.


Стратешка цел 3. **Унапредување на техничките ресурси преку набавка на нова и современа опрема и одржување на постоечката во лабораториите**

Активности:

- изработка на нацрт-план за утврдување на потребите за набавка на нова и современа опрема во лабораториите и осовременување на опремата во постојните капацитети. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се продеканот за финансии, раководителите на институти и одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.







- утврдување на потреба за набавка на нови мерни тела од повисок ранг (еталони) за интерна верификација на дел од опремата. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.

- континуиран мониторинг и супервизија на постоечката опрема од страна на овластени екстерни добавувачи на услуги за калибрација и верификација на опремата за да се постигне и одржи високо ниво во веродостојноста на работата на тековната опрема. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорното лице за квалитет за ИСО 17025.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 4. Континуирана обука на персонал кој работи во апликативната дејност

Активности:

- ангажман на високопрофесионален персонал во апликативната работа со цел да се добие квалитетен интелектуален производ. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорно лице за квалитет за ИСО 17025.

- континуирани обуки на персоналот ангажиран во апликативната работа на меѓународно и национално ниво, со обврска на вертикална и хоризонтална дисеминација на стекнатото знаење во рамките на институцијата. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е одговорно лице за квалитет за ИСО 17025.

Предвиден временски период за реализацијана целта: пет академски години.



Стратешка цел 5. Развој и унапредување на клиничка дејност

Активности:

- развој на клиника за домашни миленици со спроведување засилени активности во дијагностиката, терапија и хоспитализацијата на пациенти со цел да биде центар за едукација на студенти, доживотно учење и останати потреби на клиентите и сопствениците на домашни миленичиња преку:
  - подобрување на организациските и функционалните активности на клиниката по пример и модел на слични универзитетски клиники од акредитирани ветеринарни факултети (паркинг, прием, дијагноза, хоспитализација, евиденција, база на податоци, клиничка предавална со 24-часовно работно време, дежурна служба, централна аптека).
  - набавка на нова и современа опрема во клиниката и осовременување на опремата во постојните капацитети со дијагностички лаборатории и воведување на нови рутински анализи, кои обезбедуваат широк спектар на специјализирани методи и сеопфатна советодавна услуга.
  - обезбедување на сеопфатни и специјализирани услуги со високо ниво на експертиза и професионалност, иновативни и научно базирани третмани на животни, осовременување на превентивата и дијагностичката услуга со примена на најсовремена опрема.

  Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е раководителот на клиника.
- развој на клиника/оддел за болести кај птиците и клиника/оддел за егзотични животни во склоп на постоечките капацитети по пример и модел на слични универзитетски клиники од акредитирани ветеринарни факултети. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е раководителот на клиника.
- развој на клиника за фармски животни и коњи.

- во овој момент Факултетот, во своите расположливи простории, не е во можност да обезбеди клиника за фармски животни/коњи односно стационарен третман и грижа за големите животни. Формирање наставна и истражувачка фарма/наставна база е стратешка цел за квалитетно да се изведува наставниот процес преку воспоставување на тренинг едукативно-истражувачки центар.
- по воспоставувањето на центарот ФВМ-С ќе се насочи кон развој на оддел за клиничка работа и дијагностика со високовредни спортски коњи како и кон унапредувањето на клиничка работа и дијагностика со свињи, крави, овци и кози.

Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е раководителот на клиника.

- развој на амбулантна клиника во согласност со стандардите и условите на EAEVE во поглед на бројот на пациенти и постојано зголемување на бројот и квалитетот на договори за наставната соработка со ветеринарни станици, фарми од сите типови, ловечки друштва, кланици, млекарници, капацитети за храна, фармацевтски компании и слично. Носители на задачата се Деканатската управа и продеканот за настава, а координатор е раководителот на клиника.
- унапредување на едукацијата и обуки на персоналот во клиниката со можност за специјализации во соодветни области. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатор е раководителот на клиника.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.





7.4. Финансиско работење

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е институција од јавен карактер финансиран од буџетот (приближно 40 %) и од сопствени самофинансирачки приходи (приближно 60 %). Работењето со финансиите е засновано на детално изготвени планови за користење на средства од сопствената сметка, согласно на принципите на трезорско работење. Раководењето со финансиите на ФВМ-С се заснова на Законот за буџет и буџетско работење, Законот за данок на додадена вредност, Законот за персонален данок, како и Законот за внатрешна финансиска контрола, кои се високообврзувачки закони, кои имплицираат и голема законска одговорност како на деканот, така и на органите на управување на ФВМ-С.

Исклучително важна ставка во буџетирањето на ФВМ-С ќе бидат приходите од сопствена активност, со тоа што Факултетот ќе мора да се подготви за остварување на што поголеми приходи од стопанството, посебно во областа на интелектуални и стручни услуги, клиничката пракса и организација за специјализирани курсеви и обуки.

Стратешка цел 1. **Зголемување на сопствените приходи и унапредување на финансиската автономија на Факултетот во располагањето со средствата од научно- истражувачката и апликативната дејност**

Активности:

- финансиско планирање, буџетирање и аналитичко следење на приходите и расходите (до степен на поединечни проекти, економски единици, циклуси на студирање и други потребни параметри) поради поефикасно управување со расходите во согласност со планот на постојаните активности и планот на дејствување. Носители на задачата се Деканатската управа и раководителот на одделение за финансиско и административно работење, а координатор е продеканот за финансии.
- воспоставување на модели за одржување на средствата од сопствени приходи во петгодишен период. Изнаоѓање на нови полиња за работа во рамките на можностите и ресурсите на Факултетот, како во земјата, така и во странство. Носители на задачата се Деканатската управа и раководителот на одделение за финансиско и административно работење, а координатор е продеканот за финансии.
- изготвување на листа на приоритети за инвестиции од сопствените приходи од ФВМ-С во опрема, ресурси за настава и наука по институти (клиники, катедри, лаборатории, центри). Носител на задачата се Деканатската управа и раководителот на одделение за финансиско и административно работење, а координатор е продеканот за финансии со раководителите на институти/клиника.

- рационализација на трошоците во лабораториите и клиниката со цел зголемување на ефикасноста од апликативната работата во финансиска смисла. Носители на задачата се Деканатската управа, раководителите на институти/клиника и раководителот на одделение за финансиско и административно работење, а координатор е продеканот за финансии.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 2. **Воспоставување на одржлив и долгорочен модел за наплата на побарувања**

Активности:

- Изработка на план за наплата на побарувањата и воспоставување на модел за одржливост на наплатата. Носители на задачата се Деканатската управа и раководителот на одделение за финансиско и административно работење, а координатор е продеканот за финансии.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

7.5 Стручно и кадровско работење

Кадровскиот потенцијал е предуслов за успешно реализирање на образовниот, научно-истажувачкиот и апликативен процес на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со имплементација на Болоњскиот систем на студии се наметна различен пристап во изведувањето на наставата каде е потребен поголем ангажман на наставниците, повеќе време за консултации со студентите, изведување на практична настава во помали групи итн.

Земајќи предвид дека наставно-научниот кадар има поголеми ангажмани во лабораториите каде се изведува апликацијата, недостатокот на кадар претставува дополнителен предизвик на ФВМ-С.

При вработување на нови вработени ФВМ-С се води со политика на препознавање совршеност и ангажирање на најдобрите млади кадри. Моментално на Факултетот има 101 вработен од кои 31 се избрани лица во наставно-научни звања, 1 во соработничко, 7 лица се избрани во научно звање, 24 се стручни соработници, 23 лаборанти и 15 се административен и технички персонал.

Многу значаен сегмент во функционирањето на Факултетот е делувањето на административните службеници и помошно-техничките лица. Грижата за кадровското подновување во овој сектор е сериозен проблем и грижа на Деканатот, за кој неминовно ќе треба постојано да се бараат начини за надминување. Иако постојано се преземаат мерки за да се решат сите недостатоци, скоро е невозможно истите да се решат целосно, бидејќи се поврзани со реформите на државата и низа на правилници кои се донесуваат согласно законските измени на државно ниво.

Стратешка цел 1. **Оптимизирање на бројот на вработени избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања и вработување на млад персонал**

Активности:

- изработка на план-проекција на вработениот наставно-научен, научен и соработнички кадар и утврдување на реалните потреби и приоритети од млад кадар во следниот петгодишен период. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатори се продеканите и раководителите на внатрешните организациони единици на ФВМ-С.
- изработка на план-проекција за одредување на потребите за избори во звања (наставно-научни и научни звања) согласно потребите на катедрите. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатори се продеканите и раководителите на внатрешните организациони единици на ФВМ-С.





- изработка на план-проекција за задржување и вработување на најдобрите студенти на ФВМ-С. Носители на задачата се Деканатската управа, ННС, а координатори се продеканите на ФВМ-С.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 2. **Одржување на оптималниот број на помошниот кадар и обезбедување на млад технички персонал**

Активности:

- изработка на план-проекција на вработениот помошен кадар (лаборанти, техничари, аналитичари и сл.) и утврдување на реалните потреби и приоритети од млад помошен кадар во следниот петгодишен период. Носители на задачата се Деканатската управа, а координатори се продеканите и раководителите на внатрешните организациони единици на ФВМ-С.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

Стратешка цел 3. **Одржување на оптималниот број на вработени во стручно-административна служба**

Активности:


- изработка на план-проекција на вработените во стручно-административна служба и утврдување на реалните потреби и приоритети од кадар во следниот петгодишен период. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се деканот, продеканот за финансии и секретарот на Факултетот.
- изработка на план за дополнително усовршување на стручно-административна служба согласно законската легислатива. Носител на задачата е Деканатската управа, а координатори се деканот, продеканот за финансии и секретарот на Факултетот.

Предвиден временски период за реализација на целта: пет академски години.

8 МЕРКИ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ

Имплементацијата на стратешкиот план за развој на ФВМ-С ќе биде контролиран преку формирање на Комисија за следење на применливоста на стратешкиот план која ќе биде овластена од ННС да врши следење на спроведувањето на стратешкиот план и да дава насоки на Деканатската управа кон имплементација на истата. Успешноста на спроведувањето на стратешкиот план ќе се мери со правовремено ажурирање на сите релевантни информации за започнатите активности, како и за показателите на успешноста за секое од петте темелни подрачја. Со цел за што подобра контрола на квалитетот, Комисијата секоја година во месец декември ќе доставува писмен извештај до ННС за степенот на реализација на стратешкиот план на ниво на одделна единица. Врз основа на извештаите на Комисијата и на остварените резултати, но земајќи ги предвид и евентуалните неостварени цели, Наставно-научниот совет најдоцна во јуни 2023 година, на предлог на деканот формира тим за изработка на нов стратешки план на ФВМ-С за наредниот период (2023-2028).







8 ЗАКЛУЧОК

За успешно спроведување на овој стратешки план потребна е поддршка од сите релевантни чинители во општеството, пред сè Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за финансии како и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје чија внатрешна единица е Факултетот.

Стратешкиот план нема да биде целосно исполнет доколку не настанат промени во законската легислатива, пред сè во високото образование особено во делот на науката, во делот за вработување на млад кадар и овозможување финансиска автономија на Факултетот.

Нерешените имотно-правни односи директно влијаат на развојот на просторните капацитети на Факултетот, а за исполнување на стратешките цели од овој документ потребна е поддршка од ресорните министерства на Владата на Р Македонија.





Лазар Поп-Трајков 5-7,
1000 Скопје, Република Македонија
e-mail: contact@fvm.ukim.edu.mk
www.fvm.ukim.edu.mk

ISBN 978-9989-774-32-4